VEREJTJE:

1. nuk paguhet takse nga pika 1 e ketij numri tarifore, nese propozimi për emerim të kryetarit të gjykates së zgjedhur e ka parashtruar gjykatesi i zgjedhur.

Numri tarifor 30

1. Për verejtje me të cilen ndonjeri ftohet të paguaje takse që ka qene i detyruar ta paguaje edhe pa verejtje, paguhet takse në shume prej 160 denare.

2166.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за работните односи,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 10 септември 2009 година.

Бр. 07-3896/1
10 септември 2009 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Ѓорге Иванов, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

Член 1

Во Законот за работните односи ("Службен весник на Република Македонија" број 62/2005, 106/2008 и 161/2008), по членот 9 се додава нов наслов и нов член 9-а, кои гласат:

"Психичко вознемирување на работно место (мобинг)

Член 9-а

(1) Забранет е секаков вид психичко вознемирување на работно место (мобинг).

(2) Психичко вознемирување на работно место (мобинг) претставува дискриминација во смисла на членот 6 од овој закон.

(3) Психичко вознемирување на работно место (мобинг), во смисла на овој закон, е секое негативно однесување од поединец или група кое често се повторува (најмалку во период од шест месеца), а претставува повреда на достоинството, интегритетот, угледот и честа на вработените лица и предизвикува страв или создава непријателско, понижувачко или навредливо однесување, чија крајна цел може да биде престанок на работниот однос или напуштање на работното место.

(4) Извршител на психичко вознемирување на работното место (мобинг) може да биде едно или повеќе лица со негативно однесување во смисла на ставот (3) од овој член, без оглед на нивното својство (работодавач како физичко лице одговорно лице или работник)."

Член 2

Во членот 11 по ставот (1) се додаваат два нови става (2) и (3), кои гласат:

"(2) Во случај на спор, кога е постапено спротивно на членот 9-а од овој закон, товарот на докажувањето паѓа на поединец или група против кои е поведен спор за вршење на психичко вознемирување (мобинг) на работно место, освен ако докажат дека различниот третман е направен поради исклучоците од членот 8 на овој закон.

(3) Поради поведување постапка за правна заштита од психичко вознемирување на работното место (мобинг), како и сведочење во текот на постапката, на вработеното лице не може на посреден или непосреден начин да му се влошат условите за работа, односно не може да биде ставен во неповолна положба, посебно со намалување на заработувачката, преместување на друго работно место или спречување на напредување или стручно усовршување."

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

L I G J
PËR PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR MARRËDHËNIET E PUNËS

Neni 1

Në ligjin për marrëdhëniet e punës ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 62/2005, 106/2008 dhe 161/2008), pas nenit 9 shtohet titull i ri dhe nen i ri 9-a, si vijon:

"Shqetësim psikik në vendin e punës (mobing)

Neni 9-a

(1) Është i ndaluar çdo lloj shqetësimi psikik në vendin e punës (mobing).

(2) Shqetësimi psikik në vendin e punës (mobing) paraqet diskriminim në kuptimin e nenit 6 të këtij ligji.

(3) Shqetësim psikik në vendin e punës (mobing), në kuptim të këtij ligji, është çdo sjellje negative nga individi ose grupi i cili përsëritet shpesh (së paku në periudhë prej gjashtë muajsh), ndërsa paraqet cenim të dinjitetit, integritetit, autoritetit dhe nderit të punësuarve të punësuar dhe shkakton frikë ose krijon sjellje armiqësore, përçmuese ose ofenduese, qëllimi i fundit i të cilit mund të jetë pushimi i marrëdhënies së punës ose lëshimi i vendit të punës.

(4) Kryerës i shqetësimit psikik në vendin e punës (mobing) mund të jetë një person ose disa persona me sjellje negative në kuptim të paragrafit (3) të këtij neni, pa marrë parasysh cilësinë e tyre (punëdhënës si person fizik ose person përgjegjës ose punëtor).''

Neni 2

Në nenin 11 pas paragrafit (1) shtohet paragraf i ri (2), si vijon:

"(2) Në rast të kontestit, kur është vepruar në kundërshtim me nenin 9-a të këtij ligji, barra e dëshmimit bie mbi individin ose grupin kundër të cilëve është ngritur kontesti për ushtrimin e shqetësimit psikik (mobing) në vendin e punës, përveç nëse dëshmojnë se trajtimi i ndryshëm është bërë për shkak të përjashtimeve nga neni 8 i këtij ligji.

(3) Për shkak të mbajtjes së procedurës për mbrojtje juridike nga shqetësimi psikik në vendin e punës (mobing), si dhe dëshmisë gjatë procedurës, personit të punësuar në mënyrë direkte ose indirekte nuk mund t'i keqësohen kushtet për punë, përkatësisht nuk mund të lihet në pozitë të pavolitshme, veçanërisht me zvogëlimin e të ardhurave, transferimin në vend tjetër pune ose pengimit të avancimit ose përsosjes profesionale".

Neni 3

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e shpalljes në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".